Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-434/3
24-10-2023 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-434/1 од 11.07.2023 година, поднесена од [redacted] од Скопје, со седиште на [redacted] во Скопје, против лицето [redacted] од Скопје, новинар во [redacted] за извршена дискриминација по основ на етничка припадност преку социјалната мрежа Facebook, користејќи личен профил, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ("Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 258/2020) на 24.10.2023 година, го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08-434/1 од 11.07.2023 година, поднесена од [redacted] од Скопје, против лицето [redacted] од Скопје, новинар во [redacted] **поради немање активна легитимација за поднесување на претставка за заштита од дискриминација,** а врз основа на член 23 став (3) од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

## Образложение

На 11.07.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во понатамошниот текст: Комисијата) поднесена е претставка за заштита од дискриминација од подносителот [redacted] од Скопје против лицето [redacted] од Скопје, новинар во [redacted], за извршена дискриминација по основ на етничка припадност преку социјалната мрежа Facebook, користејќи личен профил.

Имено во претставката се наведува дека пријавеното лице [redacted] на ден 09.05.2023 година на својот профил на социјалната мрежа Фејсбук објавил пост со следната содржина: "Што се правдате бе лигуши? Резил сте, жив. Бил во "лошо друштво"? Абе треба доживотно персона нон грата да го прогласите фашистот хохштаплерски и сличните нему, да не смее никогаш и ни на крај памет да стапне на оваа света земја суртукот непрокопсан! А, за "Европјаните" кои се толку загрижени за мизантропот и неофашист, СРАМ ДА ВИ Е, ЛИЦЕМЕРИ! Врв на хипокризија, арам да ви се сите вредности кои важат само за вас и вашиот елитистички политички клуб. Интересџии и превртликовци. И доста бре не третирате како недоносени избрканковци од дома, дволичњаци низаедни! Толку галама за еден шовинист, "пута" 1000 да ви се врати, сеирџии бриселски...."

Подносителот наведува дека со оваа објава на социјалната мрежа Фејсбук лицето [redacted] ја коментирал веста објавена во [redacted] за произнесувањето на Министерство за надворешни работи за дадената забрана за влез

во Република Северна Македонија на бугарскиот европратеник Андреј Ковачев во Република Северна Македонија од причина што групата со која патувал, имало лица за кои во МВР има сознанија дека претставуваат ризик по јавниот мир и безбедност. Европратеникот Ковачев, се наведува понатаму во претставката, не бил помеѓу нив, но надлежните служби донеле таква одлука да се забрани влез во Република Северна Македонија поради групата со која патувал. [redacted] во својата објава европратеникот Андреј Ковачев го нарекол "фашист хохштаплерски", мизантроп и неофашист како и дека треба да се прогласи за персона нон грата доживотно.
Со наведената објава според подносителот, гореспоменатиот ширел омраза, раздор, нетрпеливост со што сторил повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација и вознемирување врз основа на потекло, национална и етничка припадност, конкретно кон граѓаните на Република Северна Македонија со бугарско национално самосознание со што ги дерогирал одредбите за заштита на основните човекови права и слободи загарантирани со домашните и меѓународни правни акти.

Врз основа на изнесените наводи во предметната претставка се утврди дека подносителот на претставката, Здружението на граѓани за промоција, издавање, иницијативи и меѓународна соработка "ДЕЛО" од Скопје, во конкретниот случај нема активна легитимација за поднесување на претставката што е услов утврден со член 23 став (3) од Закон за спречување и заштита од дискриминација. Ова од причина што предмет на објавата не се граѓани на Република Северна Македонија со бугарско национално самосознание спрема кои би се ширела омраза, раздор и нетрпеливост од страна на потенцијалниот дискриминатор со што би сторил повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација и вознемирување кон нив, врз основа на потекло, национална и етничка припадност, а со оглед на целите на Здружението кои се видни од приложената тековна состојба од Централен регистар на Република Северна Македонија.

Од овие причини Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на овој заклучок.

Скопје
24.10.2023 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Исмаил Камбери

Доставено до:
- [redacted]
- Архива на КСЗД